Во образованието, на пр. за училишното учење, ова е од исклучително значење. Ако го сфатиме училишниот успех на детето како последица на генетските карактеристики на детето не можеме да сметаме на некаква помош од посебни наставни методи, бидејќи клучот за успех е под контрола на гените. Единствено што тогаш можеме да направиме е да се приспособиме на барањата на наследните ограничувања. Но, ако во поглед на училишниот успех е пресудно влијанието на факторите од средината, тогаш можеме да очекуваме дека стимулативните услови можат да потпомогнат во спречување на училишен неуспех, таму каде што нестимулативната средина не му дала можности за развој на детето. Можеме да заклучиме дека дилемата наследство-средина, односно вродено-стекнато, не е така екстремна како што изгледала порано. Денес овие сфаќања не се спротивставуваат така остро, туку разликата е главно каде што се става акцентот. За едните пресудно влијание има наследството, а за другите, тоа е влијанието на искуството. Повеќе никој не смета дека другиот фактор е ирелевантен, прашањето е само кој фактор е доминантен, пресуден. Вистинската развојна дилема е колкав е придонесот на наследството, а колкав на средината, а не дали едното може без другото.

Но сè што е вродено не е стекнато. Многу појави кои можат да се забележат при раѓањето, посебно некои пореметувања и оштетувања, можат да бидат последица на влијанијата кои влијаеле на плодот во текот на бременоста, а не последица на генетскиот склоп. Таквите влијанија се, на пример, рендгенски зрачења, лекови, болести на мајката итн. Пореметувањата и оштетувањата можат да се појават и во текот на

породувањето, поради различни компликации кои во тој процес можат да се случат. Значи, вроденото и наследното не би смееле да ги изедначуваме.

Од друга страна, пак, стекнатото обично се споредува со наученото и треба да се истакне дека ниту ова изедначување не е оправдано. Иако голем дел од човековите особини имаат свое потекло во искуството и учењето, многу појави во текот на развојот можат да се засноваат на созревањето со минимално или никакво влијание на искуството. постојат однесувања кои се вродени, во смисла дека постојат од раѓањето, а не се наследни. Исто така, тоа што се јавува подоцна во животот не мора да биде резултат на влијанијата од средината, како на пример промените во пубертетот. Покрај тоа што се јавуваат подоцна во текот на развојот, не можеме да ги припишеме на влијанието на средината, туку на наследните механизми. Или пак заедничкото однесување кај припадниците на ист вид може да биде резултат и на нивното заедничко искуство, а не нужно на наследството. Ако во развојот на некое однесување можат да се констатираат непроменливи фази кај сите припадници на видот, тоа ни покажува дека однесувањето е вродено во смисла на наследност.

Ако и покрај изложеноста на единката на различни животни услови развојниот тек останува непроменет, се смета дека тоа е последица на програмирањето кое е наследно. Сепак и во примената на овој критериум има отстапки. Главно се однесуваат на постоење на примери на однесувања за кои е докажано дека се наследни, а развојниот тек не им е ист, како и примери на цврст редослед во развојот на некое однесување кое е плод на учење, а не резултат на наследството. Така постојат дилеми односно суштински проблеми од перспектива на целокупниот животен циклус. Всушност вроденоста и стекнатоста го карактеризира развојот низ целоживотниот циклус на човекот.

**3. ЗАДАЧИ**

Како задачи, со кои ќе се сретнеме во ова истражување ги набројувам следните:

Воспитно – образовниот процес: процес претставува реализација на наставниот курикулум со цел учениците да се стекнат со компетенции кои ќе им помогнат во продолжување на образованието или активно вклучување во пазарот на трудот.

Подобрување на работата на училиштето: училиште со силен инструктивен, комуникативен, мотивациски водач, јасно фокусирана мисија, високи очекувања од вработените, користење на ефективни комуникациски техники, безбедна и чиста средина која овозможува настава и учење кои перманентно евалуираат.

Воспитно – образовна организација: претставува сложен, комплексен, динамичен, отворен и целесообразен организациски систем!

Комуникацијата: претставува перманентен процес на испраќање и примање на информации, со една основна цел – размена на идеи.

Наставата како воспитно – образовен процес: е од посебно значење бидејќи таа ги поставува темелите на општата култура на образованието. Мотивација: причини, покренувачи или извори на однесувањето, процеси на покренување и насочување на однесувањето, очекувани и остварени исходи од однесувањето.

Тимска работа: форма на работа која овозможува демокраско работење, делумно донесување на одлуки, решавање на проблеми и прашања, не самостојно туку со договор со други лица.

Училишната клима: претставува создаден амбиент во кој се реализира наставниот процес, кој покрај материјално – техничките предуслови ги опфаќа и меѓусебните односи на сите директни и индиректни учесници во реализацијата на овој процес.

Добро управување, значи прифаќање на луѓето и ресурсите, такви какви што се и притоа да им се помогне заеднички да работат за да ја постигнат поставената крајна цел.

**4. МАТЕРИЈАЛИ И МЕТОДИ НА РАБОТА**

Во текот на истражувањето се користеа следните методи:

Метод на анализа;

Метод на синтеза;

Метод на генерализација;

Дескриптивен метод.

**5. ИСПИТАНИЦИ, ИНСТРУМЕНТИ И ПОСТАПКА НА ИСТРАЖУВАЊЕ**

Во текот на истражувањето се користеа следните техники:
АНАЛИЗА НА ТЕОРИЈА И НА ИСТРАЖУВАЊА
Во текот на истражувањето се користеа следните инструменти:
Инструмент на анализа и на индукција со дедукција на податоците – ОДБИРАЊЕ НА БИТНОТО и ОТФРЛАЊЕ НА НЕБИТНОТО

Со цел од истражувањето да се обезбеди потребната емисија на употребливи податоци кои во трудот ќе претставуваат гаранција за присуство на високо ниво на сигурност и релијабилност кај добиените резултати, при изборот на случаен примерок на истражување, каде е применет и принципот на случајност во изборот.

Во ова истражување беа опфатени сите неопходни и релевантни категории на примероци, за да може да се покаже зголемувањето на компетенциите и мотивацијата на субјектите за влијание на социо – емоционалниот развој на децата.

Одговарањето на анкетниот лист и повеќето разговори беа вршени во самите училишта, а некои од нив и во приватност. Разговорите беа претходно договорени, субјектите беа информирани за целта и за темите околу кои ќе се одвива разговорот. При поделбата на анкетните листови во одредени училишта се вршеше нивно тајно пополнување поради осетливоста на темата.

**6. ХИПОТЕЗА**

Детето претставува визионер кој поседува комуникациски вештини, кои ги обезбедува со мотивација и влијание на субјектите кои го водат кон негово подобрување и усовршување.

Од наведената хипотеза произлегуваат и **помошни хипотези:**

Помошна хипотеза 1: Ефикасниот и ефективен родител на дете поседува способност за комуникација што придонесува да се воспостави процес на подобрување на социо – емоционалниот развој на детето.
Помошна хипотеза 2: Ефикасниот и ефективен воспитувач во воспитно – образвона институција поседува дух на лидер кој го врши менаџментот на социо – емоционален развој на детето.

**7. ВАРИЈАБЛИ**

Независна варијабла:
1. Способноста на воспитувачот во воспитно – образовната институција за социо – емоционалниот развој на детето.
2. Способноста на семејството за влијание кон социо – емоционалниот развој на детето.

Зависна варијабла:
Статистичко истражување.
1. Ставовите на психолозите, педагозите и социолозите во врска со социо – емоционалниот развој на детето.
2. Ставовите на субјектите во воспитно – образовната институција во врска со терминот социо – емоционален развој.

**8. РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА**

Социјалниот и емоционалниот развој кај детето игра значајна улога во сегашното и идното социјално функционирање на индивидуата. Социоемоционалните развојни етапи во текот на детскиот развој, потешко се идентификуваат во однос на етапите од физичкиот и моторниот развој. Знаците на одредени развојни етапи се потешко препознатливи и не се така јасно дефинирани како во доменот на физичкото здравје и моторниот развој. Овој домен се однесува на стекнување и учење вештини, коишто ја зголемуваат самосвесноста и самоконтролата. Истражувањата укажуваат дека стекнатите социјални вештини и емоционалниот развој се важен дел од подготвеноста на детето за училиште.

Голем број автори на публикации од областа на раниот детски развој го потенцираат значењето на воспоставување социоемоционална компетентност во најраните години од животот, како основа за севкупниот понатамошен развој на индивидуата. Безбедната околина и позитивната интеракција со возрасните во текот на првите години од животот на доенчето и малото дете игра значајна улога во промоција на здрав социоемоционален развој. Карактеристиките на овој домен на развој укажуваат на тесна поврзаност помеѓу социјалната и емоционалната компонента. Двата субдомена се наоѓаат во комплементарен однос и тие меѓусебно се надополнуваат. Успешните социјални контакти овозможуваат

развивање на позитивна слика за себе кај детето, но во исто време и развивање на емоционалните вештини за самоконтрола.

Позитивните развојни компоненти на овој домен го карактеризираат детето со способност да го контролира своето однесување, да научи да практикува вештини за интеракција со другите лица вклучувајќи ги и врсниците, како и воспоставување и одржување на позитивни односи со околината. Емоционалната компонента во рамките на овој домен го поттикнува детето на самодоверба и доверба кон другите. „ По природа луѓето се социјални суштества. Низ сите фази на животот тие воспоставуваат интеракциски односи со други луѓе. Да се научи како да се биде и да се живее околу другите, е есенцијално за секој човек. Децата го конструираат сопственото знаење за светот околу нив, преку социјални интеракции. Здравите деца во сите култури воспоставуваат врска со возрасните уште од најмала возраст. За многу семејства и културни заедници, концептот да се биде добро образуван, го вклучува и социјалниот и емоционалниот развој како клучно за сето понатамошно учење коешто следи во животот. Правилниот социоемоционален развој на секое дете е значително поврзан со понатамошниот успех во животот и во училиштето. Децата од најрана возраст воспоставуваат социјални контакти со родителите, со воспитувачите, со врсниците и со други возрасни лица. Квалитетот на овие социјални односи го поттикнува правилниот социоемоционален развој на децата. Во текот на социоемоционалниот развој децата ги учат вредностите и видовите на однесувања кои се прифатливи за заедницата во којашто растат и се развиваат. Позитивните социјални односи се формираат главно кога децата развиваат адаптивно социјално однесување, кога го разбираат значењето на различните видови однесувања, кога се способни да се адаптираат во различни социјални средини и кога активно учествуваат во групни активности. Социјалната компетенција децата ја демонстрираат кога изразуваат емпатија со разбирање, чувствителност и почитување на сличностите и различностите.

Клучните вредности кои се очекуваат од децата на возраст од 0-6 години и се основа за дефинирање на стандардите за рано учење и развој во доменот „Социоемоционален развој“се:

- Градење на позитивна слика за себе;
- Самодоверба и компетентност во интеракциите со околината и врсниците;
- Способност за разбирање на сопствените емоции;
- Контрола на сопствените чувства;
- Позитивна емоционална состојба;
- Респект и одговорност кон сличностите и различностите во заедницата.

Во рамките на доменот социоемоционален развој се издвојуваат два субдомена со следните стандарди:

I. СУБДОМЕН - Социјален развој со кој детето воспоставува интеракција со социјалната средина и личностите коишто го опкружуваат:

Стандард 1: Детето може да прави разлика помеѓу познати и непознати возрасни лица;
Стандард 2: Детето може да развие социјални вештини во интеракција со други деца;
Стандард 3: Детето може да развие социјални вештини во интеракција со возрасни;
Стандард 4: Детето може да ги забележи и да ги почитува сличностите и разликите кај луѓето.

II. СУБДОМЕН - Емоционален развој со кој детето ја развива перцепцијата за себе и своите емоции:

Стандард 1: Детето го развива поимот за себе;
Стандард 2: Детето може да ги препознае и соодветно да ги изразува своите емоциите;
Стандард 3: Детето се гордее со своите постигнувањата и верува во своите способности;
Стандард 4: Детето може да ги контролира сопствените чувства.

I. СУБДОМЕН- Социјален развој

**9. Завршна расправа**

Развојот на силни чувства меѓу родителите или негувателите и нивните деца се случува преку процес на зближување и приврзаност. Оваа приврзаност е потпомогната во почетните месеци од неколку работи, вклучително:

- Контакт преку кожата;
- Мирис;
- Говорење и слушање на гласовите на родителите;
- Хранење;
- Бањање;
- Играње;

- Контакт со гледање во очи.

Зближувањето е развој на силни чувства меѓу родителите и негувателите и нивните деца. Успешното зближување е начин бебето да се осигури дека е добро негувано и безбедно од злоупотреба и напуштање.

Џон Боулби е познат по своите опишувања на зближувањето и приврзаноста и ја потврди идејата дека на сите деца им се потребни постојани негуватели за да им се дозволи да развијат приврзаност и да почнат да формираат врски полни со љубов со своите негуватели.

Доколку периодот по раѓањето е прекинат со болест на мајката или бебето, или се карактеризира со мноштво различни негуватели, детето може да има тешкотии во формирањето блиски врски подоцна во животот. Се мислеше дека бебето може да формира блиска приврзаност само со мајката, но се покажа дека тоа не е вистина. Децата можат, а тоа и го прават, да формираат силни врски со мноштво разни луѓе, на пример дедовци и баби, родители, браќа и сестри, пријатели и др. Редовниот и зачестен контакт е важен, па дури и кога детето има нормална приврзаност за родителите и семејството, важно е во забавиштето да му се овозможи на малото бебе или малото дете да развие приврзаност за еден постојан негувател.

Истражувањата во 50-тите години го идентификуваа проблемот на појава на вознемиреност поради одвојување. Ова истражување на деца кои се одвоени од своите родители во болница беше важно за да се создаде навиката да се охрабруваат родителите да останат со своите деца во болница.

Но до 70-тите тоа не беше дозволено, затоа што се мислеше дека посетителите би ги вознемириле децата. Дете кое има формирано тесни врски со неколку важни луѓе ќе се чувствува многу посигурно од дете кое тоа го нема направено. Онаму каде што се чувствува голема сигурност кај детето, тогаш постои мала веројатност за појавување емоционална траума предизвикана од одвојувањето од главните негуватели, што ќе се случи во претстојниот период. Често пати, во првите години, премногу поврзаното дете ќе има тешкотии во формирањето тесна врска со негувателите. Обидете се да му скриете играчка под перницата на 12-месечно бебе. Ако ве види како ја криете играчката, ќе ја најде. Ако не ве види, нема да ја најде. Како што детето расте, може да научи да ја бара играчката на многу тешки места. Сепак, големата приврзаност значи дека кога неговиот главен негувател не е во близина, бебето или детето ќе покаже „вознемиреност поради одвојување" преку плачење, врескање и доколку детето е постаро, обид да го следи негувателот. Вознемиреноста поради одвојувањето ќе започне околу 6–7-месечна возраст и ќе продолжи до тригодишна возраст кога детето може да сфати дека мама ќе се врати! Дел од ова е развивањето концепт наречен „постојаност на предметите" – т.е. иако нешто не можете да видите, тоа сепак постои.

Социјалниот и емоционалниот развој кај детето игра значајна улога во сегашното и идното социјално функционирање на индивидуата. Социоемоционалните развојни етапи во текот на детскиот развој, потешко се идентификуваат во однос на етапите од физичкиот и моторниот развој. Знаците на одредени развојни етапи се потешко препознатливи и не се така јасно дефинирани, како во доменот на физичкото здравје и моторниот развој.

Овој домен се однесува на стекнување и учење вештини, коишто ја зголемуваат самосвесноста и самоконтролата. Истражувањата укажуваат дека стекнатите социјални вештини и емоционалниот развој се важен дел од подготвеноста на детето за училиште. Голем број автори на публикации од областа на раниот детски развој го потенцираат значењето на воспоставување социоемоционална компетентност во најраните години од животот, како основа за севкупниот понатамошен развој на индивидуата.

Безбедната околина и позитивната интеракција со возрасните во текот на првите години од животот на доенчето и малото дете, игра значајна улога во промоција на здрав социоемоционален развој. Карактеристиките на овој домен на развој укажуваат на тесна поврзаност помеѓу социјалната и емоционалната компонента. Двата субдомена се наоѓаат во комплементарен однос и тие меѓусебно се надополнуваат. Успешните социјални контакти овозможуваат развивање на позитивна слика за себе кај детето, но во исто време и развивање на емоционалните вештини за самоконтрола.

Позитивните развојни компоненти на овој домен го карактеризираат детето со способност да го контролира своето однесување, да научи да практикува вештини за интеракција со другите лица, вклучувајќи ги и врсниците, како и воспоставување и одржување на позитивни односи со околината.
Емоционалната компонента, во рамките на овој домен, го поттикнува детето на самодоверба и доверба кон другите.

„По природа луѓето се социјални суштества. Низ сите фази на животот тие воспоставуваат интеракциски односи со други луѓе. Да се научи како да се биде и да се живее околу другите, е есенцијално

за секој човек. Децата го конструираат сопственото знаење за светот околу нив, преку социјални интеракции. Здравите деца во сите култури воспоставуваат врска со возрасните уште од најмала возраст. За многу семејства и културни заедници, концептот да се биде 'добро образуван', го вклучува и социјалниот и емоционалниот развој, како клучно за сето понатамошно учење коешто следи во животот.

Правилниот социоемоционален развој на секое дете е значително поврзан со понатамошниот успех во животот и во училиштето. Децата од најрана возраст воспоставуваат социјални контакти со родителите, со воспитувачите, со врсниците и со други возрасни лица. Квалитетот на овие социјални односи го поттикнува правилниот социоемоционален развој на децата. Во текот на социоемоционалниот развој, децата ги учат вредностите и видовите на однесувања кои се прифатливи за заедницата во којашто растат и се развиваат.

Позитивните социјални односи се формираат главно кога децата развиваат адаптивно социјално однесување, кога го разбираат значењето на различните видови однесувања, кога се способни да се адаптираат во различни социјални средини и кога активно учествуваат во групни активности. Социјалната компетенција децата ја демонстрираат кога изразуваат емпатија со разбирање, чувствителност и почитување на сличностите и различностите.

Клучните вредности кои се очекуваат од децата на возраст од 0-6 години и се основа за дефинирање на стандардите за рано учење и развој во доменот „Социоемоционален развој“ се:

- Градење на позитивна слика за себе;
- Самодоверба и компетентност во интеракциите со околината и врсниците;
- Способност за разбирање на сопствените емоции;
- Контрола на сопствените чувства;
- Позитивна емоционална состојба;
- Респект и одговорност кон сличностите и различностите во заедницата.

Социо – емоционалниот развој има голема воспитна улога. Познавањето на социјален и емоционален воспитна улога, стручност и вештини потребни се во модерно образование. Емоционален и социјален писменост треба да се дел од наставната програма. од овие и други причини, наставниците треба да бидат обучени во областа на емоции и комуникација, тие треба повеќе знаење и пракса во врска со тоа од она што тие имаат со цел успешно да подготви децата и младите за живот.

Познавање и разбирање на социо-емоционалните процеси и промени во различни развојни периоди, со посебен акцент на детството и адолесценцијата, како и социјалниот контекст на развивање (училиште, семејство, врсници ) и можностите за практична и истражувачка применливост во образованието.

Запознавање со методологијата на развојните истражувања во образовен контекст.

Социо-емоционални процеси и развој (Емоционален развој). Образовни импликации.

Социјалниот контекст на развојот (Семејства, функционални и дисфункционални семејства; Родителство.

З**а** проценка на „љубовта“на младенчињата кон мајката, Харлоу употребил две мерки. Една била должината на времето спроведено со одделна заменска мајка, додека другата вклучувала степен во кој заменската мајка значи сигурност за мајмунчето во ситуации во кои е предизвикан стравот.

Резултатите биле многу изненадувачки. Мајмунчињата (младенчиња) во просек поминале помеѓу 17 и 18 часа дневно на пресоблечената мајка и помалку од еден час дневно на жичената мајка, независно од тоа на која од нив била ставена храна. Слично на тоа, кога била уплашено мајмунчето доследно барало сигурност кај пресоблечената мајка, а кога им била достапна само жичената мајка, мајмунчето било слабо утешено со нејзиното присуство. Она што е покажано со овие истражувања е пред сѐ дека храната и хранењето не ја прават врската помеѓу мајката и детето да биде специфична и силна. Се претпоставило дека постои некоја посебна потреба, која во себе има скриени компоненти на емотивни и социјални реакции. Идејата за примарна социјалност на детето (способностите на детето да бара и да се вклучуваат во социјалната интеракција, во овој случај да комуницира и бара неопходна грижа од страна на старателот) била револуционерно нова.

Ваквото адаптивно однесувањето се засновува на два комплементарни система: детски систем со кој се повикува на грижа и мајчин систем со кој се обезбедува грижа. Во детскиот систем се вклучени различни однесувања: цицање, плач, гушкање, насмевка, довикување, следење. Овие однесувања Болби ги нарекува: сигнални однесувања, а системот-сигнален систем. На активацијата на детскиот сигнален систем, мајката одговара со активација на системот за грижа, со однесување кое на детето на задоволителен начин ја

отстранува непријатноста или задоволува потребата. Во идеални услови, овие два система потполно се надополнуваат. Според Болби, системот на приврзаност, претставува базична, генетски условена мотивација и систем на однесување кој служи за детето да преживее и кој се активира после раѓањето во релација со одредени личности за кои се врзува детето.

Квалитетот на приврзаноста која децата ја развиваат, ја одредува сензитивноста на мајката за потребите на детето. Тоа посебно се огледа во активностите како што се хранење, смирување, телесен контакт и играње со детето. Оние мајки кои на тоа можат многу добро да се приспособат, имаат поголеми изгледи да развијат сигурна приврзаност со своите деца. Доколку мајката поради кои било причини не може да развие емоции на сигурна приврзаност кај детето, тогаш приврзаноста поприма анксиозно одбегнувачки или пак, анксиозно спротивставувачки облик.

Социјалната приспособеност зависи не само од раните врзувања, туку и од социјалните односи во детството и адолесценцијата. Децата и адолесцентите кои се со силна социо-емоционална врска се посоцијабилни, пољубезни, поемпатични, подисциплинирани, посмирени, посреќни и позадоволни. Децата кои биле лишени од примарно врзување како доенчиња, можат подоцна да ја надоместат лишеноста во оптимална средина за развој на децата, во која примарно се усогласени одговорите на мајката или значајната друга личност на потребите на детето. Поголеми ефекти се постигнуваат доколку времето на примарното лишување биле пократко. Сакаме да нагласиме дека најважниот фактор за квалитетна социо- емоционална врска е квалитетот на поминатото време со детето, а не должината на времето.

## 10. ЗАКЛУЧОК

Се смета дека постои двонасочна врска помеѓу родителите и детето. Во 1958 год. Рене Зазо промовира нова теорија за социо-емоционално врзување наречена теорија на attachment. До тогаш, психолозите сметале дека социјалните врски се создаваат со поткрепување, односно дека се резултат на задоволување на физичките потреби. Социоемоционалното врзување се дефинира како примарна , вродена потреба за врзување на една единка со друга.

Примарни реакции значи дека тие не се научени, односно станува збор за механизам на реакции кои се вродени, дадени со рагање. Значи, социјабилноста е дел од биолошкото, како и гладот и жедноста а не резултат на учење.

Децата не се врзуваат само за едно лице , на пр. мајката, туку за повеке кои им се најблиски и кои се грижат за нив. Секојдневната рутина, постојаност и континуитет во околината на доенчето создава најрана основа за формирање на психо-социјален идентитет. Низ континуитетот на доживувањето на возрасните, детето учи да се ослонува на нив, да им верува, и што е уште позначајно и да си верува себеси. На тој начин се формира внатрешен модел на социоемоционално врзување кон крајот на првата година и се развива во првите пет години од животот. На 5-годишна возраст повекето деца воспоставиле внатрешен модел на мајката ( или друго лице кое се грижи за него ), поим за себе  и модел на интеракции со другите. Кога ке се воспостават, овие модели влијаат врз вообликувањето на нашето искуство, врз нашите секавања, врз секавањето на светот. Meri Einsvort разликува два основни типа на социоемоционално врзување:

1) Силното социоемоционално врзување (или врзување кое дава сигурност) се карактеризира со способноста детето да ги доживува своите родители како база на сигурност и да остане спокојно и после разделбата, без страв и збунетост;

2) Несигурното социоемоционално врзување (или врзување кое не дава сигурност) е составено од модели на избегнување; од колебливи модели на врзување и од модели на неорганизирано-неориентирано врзување.

Во сите овие случаи на несигурното врзување, детето не ги смета своите родители за база на сигурност за да истражува. Децата се вознемирени во присуство на родителите и не успеваат да се успокојат. Слабите врски се срекаваат во сиромашни семејства, во дисфункционални семејства или во семејства каде мајките се депресивни. Типот на врзување зависи од тоа дали реакциите на родителите се соодветни: реакции во право време и на соодветен начин на пораките кои детето ги праќа. Силни социоемоционални врзувања со јака основа за сигурност, имаат децата на родителите кои се чувствителни на детските потреби, почесто им ги изразуваат своите емоции (почесто им се насмевнуваат, ги милуваат, милозвучно им зборуваат). Кај слабите социоемоционални врски има занемарување и отфрлање на детето, или варирање на нивната љубов, или пак се работи за малтретирани деца.

Сигурно врзани деца покажуваат очекување на емпатичен одговор, додека несигурно врзани деца имаат тенденција да бидат анксиозни, исплашени или закачени за родителите и да го гледаат светот и другите луѓе како заканувачки.

Децата кои се со силна социоемоционална врска се посоцијабилни, пољубезни, имаат повеќе пријатели; имаат поголема почит кон себе; односот кон браќата/сестрите е добар; немаат потреба да им го свртуваат вниманието на возрасните преку барање на внимание преку немир; темпераментот им е смирен; лесно се дисциплинираат во училиште но не се покорни; поемпатични се; помалку се склони кон пореметување на поведение. Иако квалитетот на раното врзување е релативно стабилен тоа не значи и дека е непроменлив.

Социјалната приспособеност не зависи само од раните врзувања, туку и од социјалните врски во детството и адолесценцијата. Но истражувањата покажуваат дека натамошните проблеми полесно ги надминуваат оние кои имале сигурни почетни врзувања. Децата кои биле лишени од примарното врзување како доенчиња можат да го надокнадат ова лишување во адекватна поттикнувачка средина.

Социјален и емоционален развој - е развој на идентитетот и сликата за себе, развој на врските и чувствата за себеси и учење на вештините за живеење во општеството со другите луѓе.

Учењето да се живее со другите луѓе, и во нашето семејство и во општеството, најчесто е еден од најважните делови на развојот – дел во кој семејството и пријателите играат важна улога. Социјализацијата е учење како да се однесуваме со семејството и општеството во кое живееме. Процесот на социјализација, според неговата дефиниција, ќе се разликува во различни општества и од семејство до семејство.

Примарната социјализација е социјализација што се одвива во рамките на семејството, во првите години од животот на детето. Тоа им помага на децата да научат како да комуницираат со другите, што е прифатливо, а што не е прифатливо.

Секундарната социјализација започнува кога децата стапуваат во редовен контакт со луѓе и околина вон нивниот дом. Тука се вклучени: градинка, забавиштеи училиште, а продолжува во текот на животот.

Секундарната социјализација ги учи децата:

- Како да комуницираат со возрасни кои не им се семејство
- Како да комуницираат со пријатели и други лица
- „Правилата"на општеството, што е прифатливо, а што не е прифатливо вон домот.

Одреден број клучни процеси влијаат врз тоа колку добро се поврзуваме со другите и колку добро се вклопуваме во нашето семејство и општествениот свет. Пред да ги разгледаме фазите на социјалниот и емоционалниот развој, треба да размислиме колку се важни зближувањето и приврзаноста, самоосознавањето, личниот идентитет и довербата, од самиот почеток.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

[1] Киро Попоски (1998), „Успешен наставник", Ниро „Просветен работник", Скопје.
[2] Д-р Наташа Ангелоска – Гелевска (1998) „Квалитативни истражувања во воспитанието и образованието", Киро Дандаро, Битола.
[3] Драган Јанковски (2001), „Транзиција, менаџмент, образование", Ниро „Просветен работник", Скопје.
[4] Трајан Гоцевски (2003), „Образовен менаџмент", Киро Дандаро, Битола.
[5] К.Петковски, С.Коцева, В.Јаневски, Л.Спасовски (2005), „Проектни активности, проектен менаџмент, проект", Херакли комерц, Битола.
[6] Министерство за образование и наука во Република Македонија (2002), „Стратегија за развој на образованието 2001-2010 година", Скопје.
[7] Министерство за образование и наука во Република Македонија (2004), „Национална програма за развој на образованието во Република Македонија", Скопје.
[8] Јовиќ. Б. (2005), „Современо училиште" Просветен работник, Скопје.
[9] Д-р Снежана Мирасчиева, (2007), „Комуникацијата помеѓу наставникот и ученикот во основното училиште", Штип.
[10] Петковски К. (2004), „Водење на динамично училиште", М-Графика, Скопје.
[11] Bekic. J (1975), „Savremene tendencije u profesionalnog tazvoja kadrova", Centar za kadrovskig istrazivanja, Zagreb.

[12] Гоцевски Т. (1997), „Образовен менаџмент“, Македонска ризница,
[13] Петковски К., Ламева. Б.,Миленковска В., (2004), „Интегралната евалвација како основа за функционално инспекторирање“, Европа 92, Кочани.
[14] Бобек Шуклев, (1993), „Менаџмент“, Економски факултет, Скопје.
[15] Бланчард К., Џонсон С., (1991), „Менаџер за една минута“, Комунист, Скопје.
[16] .Feldman,R.S. Life Span Development :A topical Approach New Jersey: Pearson Education 2011
[17] Haugaard, J.J. Child Psychopathology New York, NY: McGraw Hill Education 2008
[18] Patterson, C.J. Infancy & Childhood New York, NY: McGraw Hill 2009
[19] Roberts,M.C.,& Steele,R.G. Handbook of Pediatric psychology New York, NY:The Guilford Press 2009
Siegler ,R.,Deloache ,J., Eisenberg, N. How children develop New York, NY: Worth Publishers.2006
[20] Santrock,J.W. A topical approach to life-span development. New York, NY: McGraw Hill 2009
Santrock, W.J. Life-Span Development. New York, NY: McGraw Hill. 2008
[21] Santrock,J.W. A topical approach to life-span development. New York, NY: McGraw Hill 2007